# Хроника од 21-та седница

**СКОПЈЕ, 12.12.2014-** Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на денешната седница ги донесе следниве Правилници : Правилник за процедурите на финансиското и сметководстве- ното работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Советот на Агенцијата усвои Водич за мониторинг на „говорот на омразата“.

Советот на Агенцијата донесе одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.